Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 18//0306
12.02 2025 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.11.2025 година, врз основа на примена жалба од Град Скопје, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Македонските градови почнуваат да блескаат во празничен сјај, Скопје сé уште е мрачно и тажно“**, објавен на онлајн медиумот МКД (mkd.mk), на 02.12.2024 година не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот**, Град Скопје** на 06.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов **„Македонските градови почнуваат да блескаат во празничен сјај, Скопје се уште е мрачно и тажно“**, при што се жали на неточно и нефер известување, со став дека е пристрасно напишан текст и дека не била побарана изјава од институцијата, а со тоа бил прекршен и член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Жалителот, преку ополномоштен адвокат, меѓу другото навел дека „тврдењата во насловот дека ‘Скопје сѐ уште е мрачно и тажно’ и ‘од Град Скопје нема никакви најави за украсување на градот ниту пак информации дали ќе има организирана прослава за дочек на Нова Година’ се манипулативни и тенденциозни, бидејќи оваа година Град Скопје е меѓу првите градови во Македонија кој започна со предновогодишно украсување и тоа може да се види на лице место, за разлика од останатите градови споредени во текстот..“.

Жалителот наведува и други основи зошто смета дека содржината е неетичка и непрофесионална, а во прилог ја достави и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрла жалбата и се наведува дека барањето за демант од град Скопје го објавиле со свој пропратен одговор за што е наведен и линк.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„Македонските градови почнуваат да блескаат во празничен сјај, Скопје се уште е мрачно и тажно“**, објавен на онлајн медиумот МКД (mkd.mk), на 02.12.2024 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, како што е украсувањето на главниот град Скопје, што е важна обврска на градската администрација.

Комисијата оцени дека текстот е информативен напис, вест, при што е направена и споредбена анализа со некои други градови во земјата. Всушност, текстот се осврнува на украсувањето на другите градови, а градот Скопје се споменува само за споредба на крајот од текстот. Насловот на текстот е новинарско и уредничко интерпретирање на фактите и тој, иако е критичен, е во рамките на приложените факти и не отстапува од професионалните и етичките стандарди.

Комисијата, исто така, смета дека во овој случај и немало потреба да се бара мислење од Градот бидејќи станува збор за оценка од самото место на известување и имаше предвид дека во моментот кога е пишуван текстот Град Скопје сѐ уште немаше ниту една јавна информација за плановите за украсување на градот и за прославата за Нова Година.

Воедно, Комисијата имаше предвид дека медиумот го објавил демантот и приложил и друг текст како одговор на демантот со повеќе фотографии со кои ја констатира фактичката состојба.

Од тука, Комисијата едногласно оцени дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија или на Насоките за известување во онлајн медиумите, документ на СЕММ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска Тамара Чаусидис и Зериета Јајага и Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595